Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë
dhe Ekonomisë së Ujërave

февруари, 2022 година

АРХИВСКИ БРОЈ:

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе:

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ И ВИСИНАТА НА ИЗНОСОТ НА СРЕДСТВАТА ЗА УГОСТИТЕЛСКИТЕ УСЛУГИ НА ТОВАР НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

1. Со ова Упатство се определува правото на користење на угостителски услуги, корисници, видот, начинот и постапката за користење угостителски услуги за службени потреби кои се плаќаат од средствата предвидени за таа намена во буџетот на Министерството за земојделство, шумарство и водостопанство.

2. Угостителска услуга во смисла на ова Упатство е расход кој се јавува во текот на редовното работење на министерството со цел остварување и одржување на добри деловни односи, одбележување на настани, годишници, празници, семинари, едукации и други настани од делокругот на работењето на министерството.

3. Средства за угостителска услуга во смисла на ова Упатство се расходи кои се направени за нарачка на храна и пијалоци.

4. За користење на угостителските услуги согласно Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како корисник на угостителските услуги, склучува договор со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија како вршител и давател на услугите.

5. Право на користење на угостителски услуги во бифето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од точка 2 од ова Упатство во угостителски објект во министерството имаат:


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

-министер
-заменик-министер
-државен секретар
5.1 Право на користење на угостителски услуги од точка 5 покрај министер, заменик министер и државен секретар имаат и:
-директор на орган во состав на министерството без својство на правно лице во висина до 3.000,00 денари на месечно ниво
-државен советник, раководител на сектор, претседател на работни тела и комисии на министерството по претходно обезбедена согласност од страна на министерот во висина до 1000,00 денари на месечно ниво.

5.2 Корисниците на услугите од точка 5.1 задолжително треба да го најават користењето на угостителските услуги од бифето на министерството до шефот на кабинетот на министерот по електронски пат. Известувањето треба да ја содржи природата и целта на работниот состанок, бројот на присутни лица, време, место и датум на работниот состанок.

6. За користење на угостителски услуги наведени во точка 5 од ова Упатство директорот на органот во состав на министерството без својство на правно лице може писмено да овласти вработен административен службеник, да може да врши нарачки во негово име, за службени потреби и да потпишува издадена спецификација и/или парагон-блок по извршената нарачка од страна на вработените во економскиот оператор кој што има склучено договор со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија за вршење на угостителска услуга.

7. За користење на угостителски услуги наведни во точка 5 од ова Упатство кои се однесуват на директор на орган во состав на министерството без својство на правно лице администрирањето на фактурите (со прилог агенда од состанокот/листа на присутни/краток извештај од состанокот и потпишани спецификации/нефискална сметка) ги потпишува и одобрува за исплата министерот.

8. За користење на угостителски услуги кои се однесуваат на државен советник, раководител на сектор, претседател на работни тела и комисии на министерството испратниците кои произлегуваат од одржаните состаноци од помал обем до 10 лица кои не се вработени во министерството (со прилог агенда од состанокот/листа на присутни/краток извештај од состанокот и потпишани спецификации/нефискална сметка) ги потпишува државниот советник, раководителот на сектор, претседателот на работни тела и комисии до износот определен во точка 5.1 од ова упатство.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

8.1. За користење на угостителски услуги кои се однесуваат на државен советник, раководител на сектор, претседател на работни тела и комисии на министерството испратниците кои произлегуваат од одржаните состаноци од поголем обем над 10 лица кои не се вработени во министерството (со прилог агенда од состанокот/листа на присутни/краток извештај од состанокот и потпишани спецификации/нефискална сметка) ги потпишува министерот или од него овластено лице.

9. Лица работно ангажирани по друг основ (ангажирани со авторски, привремени и/или други договори), не можат да бидат овластени за потишување издадена спецификацијата/нефискална сметка/фактура за користење на услуги.

10. Давателот на угостителски услуги во објектот во министерството по издавање на фактурата за користените услуги наведени во точка 5 од ова Упатство должни се претходно да обезбедат потпис/параф на фактурата од корисникот на услугата/или од него овластено лице.

11. Писменото овластување од точка 5 на ова Упатство се изготвува во 3 примероци и ги содржи следните елементи:
-штембил со архивски број и датум,
-основни податоци за давателот на овастувањето и примателот на овластувањето (име и презиме, работно место и звање),
-видот на угостителските услуги за службени потреби,
-потпис на давателот на овластувањето и потпис на примателот на овластувањето
-печат.

12.Давателот на овластувањето доставува по еден примерок од овластувањето од точка 11 од ова Упатство до Секторот за финансиски прашања и до бифето во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заради увид при користење на услугите за службените потреби од страна на корисниците кои имаат овластувања.

13. Фактурата за направените трошоци во објектот на министерството за угостителски услуги за службени потреби заедно со придружната документација (спецификација, и потпишани испратници и извештаи од крајните корисници,) во кој што е наведен видот, обемот, и периодот на користење на услугата, по спроведување на стандардната процедура за Тек на движење на финансиска документација, се доставува до министерот за потпис и исплата, преку Секторот за финансиски прашања.

14. Фактурата за направените трошоци за угостителски услуги за службени потреби во објетите на СОЗР заедно со придружната документација (спецификација, фискална сметка, сметко-потврда или испратница) како и известувањето за карактерот на службената потреба и извештај за направениот трошок, во кој што е наведен видот, обемот, датата на користење на услугата, по спроведување на стандардната процедура за Тек на движење на финансиска документација, се доставува до министерот за потпис и исплата, преку Секторот за финансиски прашања.

15. Право на угостителски услуги од точка 2 од ова Упатство во угостителски објекти на територијата на Република Северна Македонија имаат:
- министер во висина до 1.500,00 денари по лице
- заменик-министер во висина до 1.300,00 денари по лице
- државен секретар во висина до 1.200,00 денари по лице
- директор на орган во состав на министерството без својство на правно лице во висина до 1.000,00 денари по лице

16. За реализираните угостителски услуги во угостителските објекти на територијата на Република Северна Македонија на корисниците на средствата за угостителски услуги им се доставува фактура со спецификација на трошоците или фискална сметка со сметкопотврда. Спецификацијата за направените трошоци се потпишува од издавачот на спецификацијата и корисникот на услугата, со полно име и презиме, своерачен потпис и датум на користење на услугата.

17. При доставување финансиската документација за направени трошоци во угостителските објекти на територијата на Република Северна Македонија, заради плаќање на фактурите, потврда на готовинското плаќање и плаќањето со службена платежна картица, корисниците на угостителските услуги задолжително го приложуваат известувањето (резервацијата) доставена до угостителскиот објект за карактерот на службената потреба (работниот состанок) во кој е наведен и бројот на лица, гости на настанот со име и презиме и потпис на корисникот на средствата за угостителски услуги кој го направил трошокот.

18. Корисникот на угостителски услуги во угостителските објекти на територијата на Република Северна Македонија задолжително доставува и извештај за природата и целта на работниот состанок, бројот на присутни лица, време, место и датум на работниот состанок. Без известување (резервација) и извештајот за природата и целта на работниот состанок, Секторот за финансиски прашања во министерството, нема да изврши исплата.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

19. Право на угостителски услуги од точка 2 од ова Упатство во угостителски објекти во странство имаат:

-министер

- заменик-министер

- државен секретар

20. Кога корисниците на угостителските услуги од точка 19, користат угостителски услуги во странство, а за кои плаќањето на извршената услуга го вршат со фактура или со службена платежна картичка, за покривање и одобрување на направените трошоци, должни се да обезбедат писмен документ (спецификации, фискална сметка, сметко-потврда, фактура потврдени/потпишани со своерачен потпис) и истиот да го приложат со писмено образложение за направениот трошок за службени потреби во прилог на патниот налог за службено патување во странство до министерот или до лице овластено од министерот во кабинетот, кое после се доставува до Секторот за финансиски прашања за нивно понатамошно постапување и проследување.

21. Корисниците на угостителски услуги од точка 19 на ова Упатство, при користење на угостителските услуги при службени патувања во странство, се ограничени со висината на трошоците кои можат да се одобрат за службени потреби на товар на буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, до најмногу 500 (петстотини) евра во денарска против вредност, на месечно ниво.

22. Направениот трошок за угостителски услуги во странство спротивно на одредбите на ова Упатство, ќе се смета како трошок за приватни/лични потреби и истиот ќе се надоместува од личните средства на корисникот на услугата, доколку претходно деловната средба/настанот/ не била најавена или писмено одобрена кај министерот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

23. Во случај на пречекорување на дозволените лимити за користење на средствата за угостителски услуги, лицата кои го сториле пречекорувањето ќе го надоместат пречекорениот износ на средства најдоцна во рок од 3 работни дена од денот кога е сторено пречекорувањето во благајната.

24. Корисниците на услугите од точка 5, точка 15 и точка 19 од ова Упатство, задолжително до крајот на тековниот месец ги доставуваат сметките, фактурите и образложенијата за направените трошоци за угостителски услуги до Секторот за финансиски прашања.

25. Секторот за финансиски прашања врши ex-ante контрола на поднесените барања за исплата за направени трошоци, согласно со одредбите на ова Упатство во смисла на висината на поднесените трошоци во тековниот, за претходниот месец. Овластеното лице од

страна на министерот врши целосна контрола согласно со одредбите на ова Упатство во смисла на оправданоста, претходно најувавање на потребите и висината на поднесените трошоци на месечно ниво.

26. Барањата за исплата по создадени обврски за користени угостителски услуги согласно точките 24 и 25 од ова Упатство, Секторот за финансиски прашања ги поднесуваат согласно стандардната процедура за Тек на движење на финансиска документација.

27. Секторот за финансиски прашања задолжително води и тековно ажурира евиденција на поединечните податоци за направените трошоци по пристигнати фактури и поднесени сметки по корисници на угостителски услуги.

28. Секторот за финансиски прашања доставува месечен извештај по корисници за вкупно направените и одобрени трошоци до министерот на увид.

29. Корисниците на угостителските услуги наведени во ова Упатство, должни се да ги користат услугите во рамки на остварување на нивните надлежности и работни должности, притоа имајќи ги предвид принципите на економичност, ефикасност и ефективност при трошењето на буџетските средства за оваа намена.

30. Во случај на непочитување на одредбите од ова Упатство на корисниците на услугите ќе им бидат задржани парични средства за користените угостителски услуги од бифето на министерството од платата на корисникот кој користел услуги спротивно на одредбите на ова Упатството.

31. Со донесувањето на ова Упатство престанува да важи Упатството за користење на угостителски услуги на товар на средствата на буџетот/финасискиот план на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заведено под бр.02-5608/1 од 03.08.2017 година.

32. Ова Упатство влегува на сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
СКОПЈЕ - SHKUP

МИНИСТЕР
Љупчо Николовски

доставено до:

- сите сектори/органи во состав
- архива


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015